Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-739/2
01-11-2023 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–739/1 од 13.10.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-739/1 од 13.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје **поради ненадлежност.**

О б р а з л о ж е н и е

Подносителот наведува во претставката дека бил вработен во Државниот студентски дом „Томе Стефановски – Сениќ“ Скопје. По добивање на отказ на договорот за вработување, покрај тоа што повел судска постапка и добил правосилна и извршна пресуда за негово враќање на работа, работодавачот истата не ја спроведува и не го враќа на работа. Тој истакнува дека не го враќаат на работа „за да не ги избркам како неписмени и лопови“.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од изнесените факти и околности во претставката утврди дека опишаниот настан се однесува на неизвршување на пресуда и истиот не се однесува на дискриминација во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно член 235 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр. 142/2016; 178/2017; 26/2018 и 233/2018; и „Службен весник на РСМ“ бр. 14/2020; 136/2020 и 154/2023) „Извршувањето според извршна исправа по која работодавецот е должен работникот повторно да го врати на работа, се спроведува со изрекување на парична казна спрема работодавецот и одговорното лице кај работодавецот.“, додека согласно ставот 2 од истиот член „Парична казна се спроведува согласно според одредбите на членот 230 од овој закон за извршување на дејствие што може да го изврши само должникот.“.

Оттука, за конкретната работа е предвидено поведување на друга постапка пред определен извршител како лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон, а не поведување на постапка за заштита од дискриминација пред Комисијата.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
[redacted]
*- Архива на Комисијата*